СПИСАНИЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

2008.
Бр. 23-24

# БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД



**Национална установа Универзитетска библиотека**
**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**



***Работно време:***
***од понеделник до петок***
***од 7 до 20 часот***
***сабота***
***од 8 до 15 часот***

***Упис: 150 денари***


кјп Нискоградба
ХС Стрежево Битола
Ј. П. Комуналец Битола
Јавно комунално претпријатие Водовод Битола
РЕК - Битола

БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД
СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА

*

**Издавач**
Националната установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Ленинова 39

*

**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски, директор

*

**Издвачки совет:**
д-р Николче Вељановски, претседател
Јоланда Бошевска
Гордана Марковска

*

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

*

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски

*

**Лектура и коректура**
Здравко Божиновски

*

**Фотографии**
Маријан Котевски

*

**Компјутерска обработка и печат**
МИКЕНА, Битола

*

**Тираж**
300 примероци

**ISSN 1409–9497**

Тел.: 047/220-208;
Тел./факс: 047/220-515;
Тел. на Изд.: 232-999
www.nuubbt.uklo.edu.mk
e-mail: nuubbt@uklo.edu.mk

# СОДРЖИНА

## БИБЛИОТЕКАТА - ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА

ПЕСНИ - ОД РАКОПИС ДО КНИГА ОД ВАНЧО НИКОЛЕСКИ
*Предговор Науме Ѓорѓиевски* ........ 2
ДВД ЗА НУУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА
*Ленче Андоновска и Гордана Пешевска* ........ 2
НАГРАДА 4 НОЕМВРИ ЗА БИБЛИОТЕКАТА
*Ленче Андоновска* ........ 3
АВТОМАТИЗАЦИЈА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ОД ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА
*Гордана Пешевска* ........ 4
КОН ЗБОРНИКОТ "ТРЕТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА"
*Промотор Панде Манојлов* ........ 5
ПРТСТАВУВАЊЕ НА ОДБРАНИТЕ ДЕЛА НА ЃОРЃИ ПРЧКОВ
*Промотор Николче Вељановски* ........ 7
КНИГА БЕЛЕЖНИК ЗА КНИЖЕВНО-ИСТОРИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ПИСАТЕЛИТЕ ОД БИТОЛА
*Ленче Андоновска* ........ 9
ИНФО-КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР
*Анастасија Милевска* ........ 10
ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО ВРОЦЛАВ, ПОЛСКА
*Марија Малгожата Мачковска* ........ 11
ПОЛСКАТА КНИЖЕВНОСТ ВО МИНАТОТО И ДЕНЕС
*Марија Малгожата Мачковска* ........ 13

## БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ИЗЛОЖБИ, ПРОМОЦИИ, ПРЕДАВАЊА
*Драги Кабровски* ........ 15
ОПШТИНСКИ И РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР "МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ"
*Јоланда Бошевска* ........ 19
ОД ОДДЕЛОТ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ
БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ
*Гордана Марковска* ........ 20
ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА - БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ
*Стеванка Петковска* ........ 20
ИНТЕРВЈУ СО БИБЛИОТЕКАРИТЕ НА ПУЛТОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ
*Николче Вељановски* ........ 21

## ПОВОД ЗА ДА ВИ ГО ПРЕТСТАВИМЕ

КАЈ КАПЕТАНОТ
*Петре Димовски* ........ 27
ДРУГИ АКТИВНОСТИ ШТО ЈА ОБЕЛЕЖАА 2008 ГОДИНА ........ 29
САХАЏА ЈОГА ВО БИТОЛА-
*Николче Вељановски* ........ 32

## КУЛТУРА... БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ

# Песни - од ракопис до книга од Ванчо Николески



*Предговор на книгата*
*Науме Ѓорѓиевски,*
*директор*

Меѓу низата оригинални ракописи кои се чуваат во Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” Битола, посебно внимание и место заземаат песните на Ванчо Николески. Ванчо Ноколески е исклучителна индивидуа во македонската литература. Плодовите од таа посветеност сместени се во големиот број збирки со песни за деца. Овие песни како оригинални ракописи се веќе четириесетина години во Библиотеката и бездруго заслужуваа да бидат објавени. Според нашите сознанија, овие ракописи во македонската литература досега не се обелоденети.

Книгата “Песни - од ракопис до книга” е составена од 54 песни, една поема и четири приказни во стихови. Скенирани се 39 страници од оригиналните ракописи во тетратка, од кои 19 песни се целосно, а 6 делумно скенирани.

Во Библиотеката се чуваат и други оригинални ракописи на раскази и поеми од Ванчо Николески. Искрено се надевам дека во наредниот период и останатите ракописи ќе бидат отпечатени, затоа што поетскиот логос на Ванчо Николески е неделив историски дел од македонската литература, блескотен јазичен код во меморијата на македонскиот народ.







# ДВД за НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола

Со годишната програма за работа на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, од областа на библиотечната дејност беше одобрен проектот „ДВД за Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола. Целта на овој проект беше изработка на електронски траен запис за Библиотеката, нејзините почетоци, развојот, достигнувањата, сегашните вработени, издавачката дејност, меѓународната соработка и визијата.

За да се изработи еден ваков траен запис за Библиотеката, кој ќе остане како спомен за следните поколенија, беше потребна тимска работа. Првичната замисла ни беше да биде изработено мултимедијално ЦД, а потоа тоа да прерасне во форма на краткометражен документарен филм, со траење од околу 17 минути. ДВД –то е на-

правено двојазично, со можност за преминување од македонски на англиски јазик и обратно, во секој момент од неговото емитување. ДВД –то почнува со историјатот на Библиотеката, за потоа да се прикаже патот на книгата т.е. низ кои сѐ библиотечни процеси поминува книгата додека да стигне до крајниот корисник т.е читателот. Во него се опфатени сите сектори и вработените во Библиотеката.

Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола како културна и научна институција има цел со помош на овој документарец да им понуди на своите читатели целосни информации за услугите што ги дава, односно да овозможи поголема транспарентност во работењето на Библиотеката и запознавање на корисниците со библиотечната дејност.

Со оглед на фактот што Библиотеката е максимално ангажирана со активности, вклучувајќи ја и автоматизацијата на западниот регион на Р. Македонија, основната и главна цел на ова ДВД е популаризација и афирмација на нашата установа во градот, државата и надвор од неа.

Приределе: Ленче Андоновска, виш библиотекар и Гордана Пешевска, виш библиотекар

# НАГРАДАТА "4 НОЕМВРИ" ЗА БИБЛИОТЕКАТА




Националната установа - Универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" - Битола, како една од најстарите културни институции на подрачјето на општина Битола и пошироко во југозападниот регион на Р. Македонија, се стреми да ги достигне највисоките вредности во библиотечното работење.

Со посебно задоволство, во кратки црти, ќе ги презентираме активностите и резултатите, кои беа преземени и остварени во периодот од 01.08. 2007 до 31.07.2008 година, наведени во поднесените документи на Конкурсот за доделување наградата "4 Ноември" - за едногодишни остварувања:

1.Достигнат е најголем број сопствени изданија за 1 година 7 изданија кои оставаат белег за историјата на Библиотеката;

2.Во областа на меѓународната соработка се постигнати завидни резултати во презентацијата на Установата, Општината и Република Македонија. Меѓународна соработка е остварена со библиотеките од Сплит - Р.Хрватска, Пловдив - Р.Бугарија, Корча-Р.Албанија, Вроцлав - Р.Полска и изложба на книги со наслов "Македонија од антиката до денес", во Културно-информативниот центар на РМ во Софија - Р.Бугарија;

3.Направена е конзервација и реставрација на фасадата на старата зграда на Библиотеката која претставува споменик на култура;

4.Завршена е автоматизацијата на библиотеките од Западниот регион на Република Македонија;

5.Библиотеката во Битола е целосно автоматизирана и корисниците можат пребарувањето на книгите да си го остваруваат и преку Интернет, и за сите услуги кои ги дава Библиотеката можат да контактираат по електронски пат;

6.Направени се големи зафати во преуредувањето на внатрешниот ентериер како во холовите, во роднокрајното одделение и сл.;

7.Покрај тековните секојдневни активности вработените во Библиотеката успеаја оваа година да реализираат вкупно 25 проекти како програмски активности, одобрени од Министерството за култура, еден дел потпомогнати од Општината Битола и дел реализирани од сопствени приходи.

Библиотеката се движи кон остварување на развојната агенда содржана во програмата за работа и развој, давајќи придонес во развојот на библиотечната дејност во градот и Републиката.

Наградата му беше врачена на директорот на Библиотеката Науме Ѓоргиевски на свеченоста одржана по тој повод во Народниот театар, Битола од страна на Управниот одбор на фондот за наградата "4 Ноември", на Општина Битола.

Ленче Андоновска, виш библиотекар
Програмски директор

# Автоматизација на библиотеките од западниот дел на Македонија



*Приредила*
*Гордана Пешевска, виш библиотекар*

Проектот „Автоматизација на библиотеките од западниот дел на Р. Македонија – завршна фаза“ е логично продолжение на претходните два проекти за автоматизација на западниот дел на РМ. Во текот на 2004 година, со проектот „Автоматизација на библиотеките од југозападниот регион“, одобрен од Министерството за култура на Р. Македонија, беше овозможно поврзување на пет библиотеки од западниот регион (Прилеп, Кичево, Струга, Охрид и Тетово), со што се оствари желбата за изградба на библиотечно-информативниот систем на Македонија. Во 2007 година со проектот "Автоматизација на библиотеките од Западниот регион – I фаза, беа приклучени уште пет библиотеки во Гостивар, Дебар, Неготино, Крушево и Демир Хисар.

Со реализацијата на проектот „Автоматизација на библиотеките од западниот дел на Р. Македонија – завршна фаза“ (2008 година), одобрен и целосно финансиран од Министерството за култура на Р. М., се приклучија и преостанатите две библиотеки во Македонски Брод и Ресен, со што се заокружи овој процес и денес сите јавни библиотеки (национални и локални) во западниот дел на Р. М. се поврзани во единствена библиотечна мрежа. Со имплементацијата на овој проект, во библиотеките од западниот дел на РМ се обезбеди минималната потребна опрема за работа во системот Cobiss2 и тоа во двата најопходни сегменти т.е. во сегментите Cobiss2/Каталогизација и Cobiss2/Зајмување. Во текот на месец јули оваа година од страна на раководителите на проектот, Благој Николов, библиотекар-советник и Гордана Пешевска, виш библиотекар, беше извршена инсталација на соодветната хардверска опрема (PC-ија, LCD монитори, ласерски печатари, матрични печатари, бар-код печатари, бар-код читачи, 8-портни свичеви, FTP кабел и FTP конектори) и софтверска опрема (Reflection за терминалска емулација) во 12 библиотеки, како и изградба на локални мрежи (LAN) во повеќето библиотеки, односно ожичување на библиотеч-



ните згради по ЕИА стандардот, со користење на FTP кабли категорија 5. Локалните бази на податоци на библиотеките во Ресен и Македонски Брод се инсталираа на Алфа серверот во нашата библиотека, со што се створија основните предуслови за почеток на автоматизирано библиотечно работење во овие библиотеки. НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола денес е теме за западниот дел на РМ, т.е. на серверот во нашата библиотека се наоѓаат базите на податоци на сите јавни (национални и локални) библиотеки од западниот регион, а во блиска иднина се очекува и инсталација на локалните бази на податоци на библиотеките од високошколските установи и нивно приклучување во системот Cobiss. Со проектот беа финансирани и основните обуки за Cobiss2/Каталогизација и Cobiss2/ Позајмување, кои се одржуваат во Центарот на ВБМ (Виртуелна библиотека на Македонија) и со кои библиотечните работници се стекнуваат со потребните лиценци за работа во системот COBISS.MK.

Со помош на проектот „Автоматизација на библиотеките од западниот дел на Р. Македонија – завршна фаза" се оствари целта за поврзување во единствен информативен систем на сите библиотеки од западниот дел на Р. Македонија, со што на корисниците на библиотеките на организиран и рационален начин им се обезбеди квалитетен пристап до потребните информации.

# Кон Зборникот "Трета роднокрајна средба"

**Промотор Панде Манојлов**



Денес кога НУУБ "Св. Климент Охридски" Битола, домицилниот дом на книгата која ја сфаќам како една од светите реликвии вдахновена од Бога со бесмртност, почнува со прославувањето на нејзиниот патронен празник, укажана ми е чест да го промовиам зборникот "Трета роднокрајна средба", зборник на излагањата од одржаната Тркалезна маса на 23 мај оваа година од Третата роднокрјна средба со битолските писатели од Македонија. Зборник на искажувања од повеќемина значајни македонски писатели, мошне значаен за денешното македонско литературно опстојување, но, уште позначаен за утрешнината, за времињата што ќе дојдат по нас.

Издавач на овој Зборник, на оваа вредна книга во обем од стотина страницио НУУБ "Св. Климрнт Охридски" Битола, инаку, организатор на единствената од ваков вид манифестација во Македонија - Роднокрајна средба со битолските писатели.

Мора да се признае дека оваа манифестација има навистина добар прием во македонските литературни кругови, а посебно меѓу писателите кои потекниваат од Битола и Битолско. Затоа, организаторот, заслужува секакви пофалби, а секако, најголемата е онаа за издадените зборници као што е овој годинашниов, што беше и еден од поводите за ова дружење, сведеност на Битолската библиотека, као што ние народски си ја викаме, да биде посвет и посвечен.

На годишнава трета по ред Роднокрајна средба зедоа учество дваесетина автори: Димитар Башевски, Димитар Богдановсски, Благоја Брајановски, Петре Димовски, Весна Ефтимовска- Сотироска, Цане Здравковски, Владимир Костов, Никола Кочовски, Панде Манојлов, весна Мундишевска - Веља-

новска, Ѓорѓија Најдоски, Јхристо Петрески, Горјан Петровски, Ѓорѓи Прчков, Вера Стојчевска - Антиќ, Мирјана Стојановска - Палигора и Добре Тодоровски. Токму од нив, од овие автори се застапени трудовите во овој Зборник на тема: "Главниот лик - проекција на авторовата визија".

За секој автор една вакква зададена тема е своевиден предизвик да се отвори душата, да се проговори од срце, да се соопшти скриената мисла. Всушност, пред писателот кој постојано е со вперен поглед од својот прозорец кон светот,овој пат, проsирното стакло му се премачкува со тенок слој сребро и тоа станува огледало, во кое, сега, оној што е со перото в рака не го гледа надворешниот свет туку, сопствениот лик.




И говорат битолските автори за ликовите од своите дела, за јунаците во тие дела, онака како тие ги создале во свеста или потсвеста на својата визија.

"Што се однесува до моите книги, колку да е тоа и нескромно, факт е дека најчесто во нив ре присутен авторот и тоа преку сопственото искуство презентирано преку главниот или некој од другите ликови. Ја сакам Јас-формата и не одегнувам од тоа директно и конкретно да го именувам", - ќе запише во својот труд Христо Петрески насловен како "Главниот лик Јас или Јас како главен лик".

Литературното дело не е само лична исповед. Може да биде чист отслик на реалноста, експресија, фантазија, но дело без личност не бива што ќе рече дека, сепак, литературата е врзана за ликот...

"Јас во "Бунар" се обидов да создадам лик кој зема улога на добротвор, го покажувам неговото добротворство, но, во исто време и неговите скриени мотиви на суета и потребата и неговите скриени мотиви на суета и потребата преку тоа добротворство да ги повласти другите" - е запишано во трудот на Димитар Башевски објавен во овој Зборник.

Димитар Богдановски појаснубва за ликовите од неговите раскази Жан капе, Пруд Хом Алфред, Пецо од монодрамата "Знаев дека знаеш"... Исповед што го привлекува вниманието на читателот.

Професор д-р Благоја Брајановски го претставува ликот на Трајан како главна личност во неговиот роман "Песна отпеана", селско дете кое дошло во нова средина...

Писателот Петре Димовски во трудот "Космичката визија на авторот" е дециден: "Колку таа визија ќе ја пренесам на ликот зависи исклучително од мојата вештина на уметничко изразување... Тоа е еден мал космос на мојата меморија..." и продолжува да го опишува ликот на пилотот од неговиот роман "Балканскиот ѓавол".

Цане Здравковски, еден од најплодните битолски писатели, пишува за повеќе јунаци од своите дела: за Андреја Џумковски од неговата прва збирка раскази "Откорнувања", за Толе Џумковски како нарратор од неговиот прв роман "Дамка", па и во романот "Синџир", за Марко Шаторковски личност од повеќе негови прозни дела.

Трудот на најпознатиот битолски писател Владимир Костов во овој Зборник е насловен како "Атрактивен реализам". Есеј во кој авторот сака да каже дека литературата не е луксуз туку е општествена свест и совест. Лишена од тоа својство таа е шунд и кич. Литературен манифест кој трајно ќе биде забележан во нашата литаратурна историја зашто е бисер над бисерите во Владимиркостовската филозофија!

Прозаистот Никола Кочовски дава интересни податоци на низа ликови од неговите литературни дела со предзнак на актуелност но и многу автобиографско во нив. Тој кажува како настанале Фидан и Амет, ликови од расказот "Луѓе сме", Веле од романот "Омразениот цвет", за Раско... Кочовски накрајот од својот труд заклучува: "Писателите не се тие што ги гледаат по улиците, тие се, највистинските, во ликовите што ги создале"....

# Претставување на Одбраните дела на Ѓорги Прчков

**Промотор д-р Николче Вељановски**



Да се биде автор е еден вид пијанство. Да се биде опиен од книгата и пишувањето е рамно на тоа да се биде опиен од животот. Можеби тоа е и најкорисното пијанство, па макар авторот да бил далеку од вистината за животот, за Бога. Бог или љубовта се чувствуваат во идентификацијата на авторот со неговиот пишан збор. Петре М. Андреевски на Првата роднокрајна средба пишуваше за зборот кој го надживува авторот. Тоа се зборовите кои произлегуваат некаде од средината на градите за да се слеат со белината на страниците, наоѓајќи го своето право место.

Пред нас се Одбраните дела на Прчков во седум тома на пет илјади страници. Романите за возрасни: „Битолски подробности", тетралогијата „Маширања", „Верушка", „Зеа маус", сместени посебно во четири тома, а во два тома се сврстени романите: „Рѓосани со Маченица" и „Бурмут со Хераклејски прстени".

Она што е карактеристично за неговата обемна прозна продукција е тематската амбиентална поврзаност со Битола. Прчков пишува за жени - убавици, за силни мускулести мажи како Марко Крале и Робин Худ, со смелост и тупаници ги решаваат неправдите, го одземаат ограбеното од олигарсите, а ограбувачот е соодветно казнет. Прчков пишува без пардон, никого не го заобиколува. Таков е и во литературниот стил. Кај него среќаваме нова уметност, нова естетика, всушност, уникатна, специфична само за него, за неговиот богат книжевен опус. „Критичарите не можат да го дефинираат неговиот литарурен новитет, зашто не спаѓа во ниту еден правец", вели писателот Владимир Костов во предговорот кон Одбраните дела. Испревртената синтакса, и тоа го нема никаде, инверзија во други романи нема, токму тоа е и нов пронајдок во литературата, значи една непроценлива самостојност во неговите дела. Според ова, Прчков тешко дека ќе биде признат, меѓутоа, како што продолжи да пишува, не очекувајќи признанија и награди, очигледно го исполнува патот до еден од најплодните маке-






донски писатели, не само по квалитет туку и по квантитет. Јазикот во делата, литературен и уметнички, зачинет со пцовки, напати е и вулгарен, но книжевно дозволен, обележан како коплоралија. Во јазикот нема интернационализми, ги заменува со стари македонски зборови, значи го има чистиот македонски јазик, употребува и по некој турцизам, но одомакинет во македонскиот јазик.

За илустрација на ова еве два кратки цитати (цитат од романот Зеа маус):

„. . .Откако работата со Зеа маусот ѝ имаше излезено неподнослива зеде да вели:

- Оф, оф леле, мајко, ме раскина, имам земено да крвавам!

- "Има земено, од мажот ти, да крвави и мојот народ!"- си помислив.

-. . . Жената од капатилото излезе завиткана во бањарка. Зедов да ја гледам и пред очите со двата прста да ѝ тривнувам. Ме сфати и во другата соба зеде да оди. Излезе бргу, со себе имаше земено да влечка едно сандуче. Кога го видов излегов многу зачуден, ова има излезено војничко, куршуми што имало излезено полно, види, види во што имаат земено да ги кријат од народот ограбените пари. Сандучето го зедов, жената имаше земено да се бунтува, сум ѝ зел многу пари, а сум ѝ зел колку од народот зеле и ограбиле, толку да му вратам, ни повеќе ни помалку".

Цитат од романот: "Аманет"

„. . . И животот на што зел да се сведува? Според мене бркање ветер и магла, всушност од една врата си влегол низ друга си излегол, ама во лицето си излегол исчаден и со длабоки лузни, по душата, срцето, и за секого добрата мисла или најточно, најпрецизно, целиот мој живот, ама и животот на Добринка, ама и вашиот и на многу други, впрочем на сите луѓе во светот, зел да се сведува само на три дупки“.

Во седмиот том се сместени осум сказни со кои писателот се гордее, затоа што посебно се вложува себеси кога пишува книги за најмладите читатели. Токму за романот „Ластарче и Цуки“ ја доби наградата на градот Битола “4 Ноември”, има добиено втора награда од издавачките куќи „Детска радост“ и „Феникс“ за книгата „Штурчо“, а откупувани му се и повеќе раскази на Нова Македонија и Студентски збор.

Ѓорѓи Прчков е заљубеник во пишаниот збор, во мудроста на книгата. На свој начин страстно е заљубен во нејзината магична форма. Таа за него е нешто свето, блиску до неговата душа. Тој сака да ја заштити, сака таа да биде трајна, со тврд повез. Смета дека таа треба да остане вечна за да сведочи за оној кој ја напишал - за авторот. Неговата голема љубов кон книгата ја симболизира Божјата универзална љубов. На неговите седум тома го напишал своето име како траг за иднината кој ќе зборува за минатото, за сегашноста, односно за вечното кое се излеало од авторот на неколку илјади бели страници. “Кога другпат во животот ќе можам да го направам ова, пак? - ми рече - Сметам дека тврдиот повез на книгата е нешто убаво”.

Ѓорги Прчков - писателот и ден денес, после триесетина години пишување, се прашува, како читателската публика ги цени неговите дела, односно што ќе остане од него по него, за неа. Затоа топло ви препорачуваме да прочитате барем некои од овие обемни дела.



# Книга - бележник за книжевно историската вредност на писателите во Битола



*Приредила*
*Ленче Андоновска, виш библиотекар*

**„Значајни личности за Битола - писатели“, од група автори.**
**Издавачи: НУУБ „Св. Кл. Охридски“ - Битола и Општината Битола.**
**Издание 2008, - 136 стр., двојазично.**

Како продолжение на книгата „Значајни личности за Битола“, издадена во 2007 година, во која беа опфатени личности од најразлични области, се одлучивме во 2008 година да ја издадеме книгата „Значајни личности за Битола - писатели“.

Со оваа монографска публикација ќе им овозможиме на сите ученици, студенти, научни работници и многу други пошироко, на едно место односно во една книга да ги имаат биографските и библиографските податоци за писателите кои се значајни за Битола.

Во книгата се опфатени 42 писатели, од кои 32 се членови на Друштвото на писатели на Македонија. Изборот ги содржи критериумите: местото на раѓање, школување и работа да биде Битола и да има барем 5 издадени дела.

Текстовите во книгата се паралелно преведени на англиски јазик што овозможува битолските писатели да ги поминат границите на нашата држава.

„Значајни личности за Битола - писатели“ беше промовирана на 5 декември 2008 година во холот на НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола, во чест на роденденот на својот патрон св.Климент Охридски (8 декември). Книгата претставува споменик на писа-




телите кои се вградиле во историјата на литературата на градот. Слободно можеме да ја наречеме био-библиографски прирачник, во кој се присутни биографските и библиографските податоци (местото на раѓање, школовање и




работење, објавените дела, добиените признанија и награди). Книгата е средена по сите параметри, има додатно изработени регистри (Користена литература и Проширен именски показалец). Севкупно, станува збор за еден несекојдневен издавачки потфат, прв од ваков вид за битолските писатели.

Секако дека тие заслужуваат едно вакво дело затоа што на свој начин оставиле белег за препознавање за постоењето на Битола, нејзината историја, животот во неа и невремињата, би рекле - душата на градот.

„Значајни личности за Битола - писатели“ е колективен труд на авторите Андоновска Ленче, Ѓоргиевски Науме, Николов Благој, Пешевска Гордана, Стефановска Анета, Талеска Светлана. и соработниците Котевска Милка и Крстев Александар.









# Инфо - креативен центар



*Приредила Анастасија Милевска*
*виш библиотекар*

Во рамките на проектот “ Книгата е достапна до сите вас“ под раководство на Анастасија Милевска, виш библиотекар, во НУУБ “Св. Климент Охридски“ - Битола, се формира Инфо - креативен центар.

Основна цел на Центарот е подигнување свеста на младата популација во Општината Битола преку богата програма на активности втемелени врз моќта на книгата. Освен пристапот до книгата како основна цел, се развиваат и активности за организирање на слободното време, борба против пороците на денешницата, поттикнување на талентите за литературен и уметнички израз – корисни за поединецот, институциите и општината Битола. По повод патрониот празник на Библиотеката, на 5 декември 2008 г. во холот на Библиотеката се одржа завршна манифестација на која учествуваа 30 членови на ИКЦ.

Основната идеја на оваа манифестација беше да прикажеме како младите го гледаат светот околу себе, кои се нивните идеи и мислења







во поглед на тоа, што би направиле тие за својата земја кога ке бидат возрасни, формирани личности. Имаа многу идеи и предлози (поет, архитект, доктор, ветеринар, прва жена - претседател, балерина, моден креатор, професор, стјуардеса...), кои многубројната публика со аплауз ги прифаќаше. Амбиентот беше надополнет и со балетски точки со кореографии и облека во етно - македонски стил. На крајот, на учесниците им беа доделени пофалници за нивното учество.

И на крајот да завршиме со нивната мисла: "Сите ние малите ѕвездички светиме на небото секоја вечер и еден ден ќе пораснеме, ќе учиме, ќе се надоградуваме и ќе бидеме иднината на нашата Македонија".

# ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО ВРОЦЛАВ, ПОЛСКА



*Приредила Марија Малгожата Мачковска, виш библиотекар*

НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" во Битола реализира оваа година повеќе проекти за меѓународна соработка. Еден од проектите одобрени од Министерство за култура на РМ, беше проектот „Македонско-полска соработка на библиотеките од Битола и Вроцлав". Проектот беше целосно и успешно реалиризиран во текот на целата година. Првата фаза на проектот, испланирана како посета на битолската библиотека од библиотекари од Вроцлав беше реализирана во мај, а втората фаза – посетата на библиотекари од Битола во библиотека во Вроцлав – се реализира во септември оваа година.

Поради објективни причини битолската библиотеката беше претставувана во Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски"- Вроцлав, од еден библиотекар т.е. од раководителот на проектот – Марија Малгожата Мачковска.



Посетата на Долношлонската јавна библиотека во Вроцлав се одвиваше во периодот од 22 до 27 септември. Првите два дена од посетата беа предвидени за запознавање со одделите на библиотеката и нивното функционирање. Библиотеката реализира задачи на јавна и научна библиотека, а истовремено врши улога на централ-



со оштетен вид богата збирка со книги снимени на аудио касети и на CD ROM (над 6.000 позиции).

За време на посетата во ДЈБ беше организирана Меѓународна конференција на библиотекарите „Библиотеката во службата на регииoнот". На конферецијата учествуваа библиотекари од Русија (Санкт Петерсбург, Виборг, Гатчина), Украина (Кривоград), Чешка (Пардубице), Македонија (Битола) , како и библиотекари од Вроцлав и од регионот Долни Шлонск. Претставените реферати беа поделени во два тематски блокови: „Систем на јавните бибиотеки на регионално ниво" и „Новите библиотечни технологии во регионот". Презетнацијата со која се претставив на конференвцијата беше посветена на активностите на НУ Универзитетска Библиотека во Битола и на компјутеризацијата на библиотеките во Македонија.

Сите претставени реферати беа многу интересни и поттикнаа долги дискусии на спомнатите теми. Конференцијата беше одлично организирана, им овозможи на библиотекарите размена на идеи, искуства, а исто така воспоставување нови контакти и соработка меѓу присутните претставници на странските и полските библиотеки. Воспоставените контакти со сигурност ќе придонесат за развој на библиотекарство во повеќе држави.

По завршувањето на конференцијата библиотекарите имаа можност да ја посетат најсовремената мултимедијална библиотека во Вроцлав „Медиатека", а исто така да ги посетат библиотеките во другите градови - во Швидница и во Валбжих. Во сите посетени библиотеки забележлив е современ начин на организација на работата, нови методи на работа со корисниците, голема посветеност кон работата на библиотекарите, приспособување на сите оддели во библиотеки кон лицата со посебни потреби.



на библиотека во регионот Долни Шлонск и го поддржува развојот на околу 600 помали библиотеки. Во ДЈБ има повеќе оддели: Информации, Позајмување, Собирање и обработка на библиотечен материјал, Документи од општествниот живот, Фонотека, Работа со деца, Инструкциско-методички и истражувачки работи, Периодика, Компјутеризација на библиотеката, Говорна книга, Галерија „Pod Plafonem", Издавачко-полиграфски оддел.

Читателите на библиотеката (над 30.000) имаат на располагање многу разновиден библиотечен фонд кој опфаќа над 500.000 единици : научна и научно популарана литература, хуманистичка и општествена литература, белетристика и литература за деца и возрасни, обемна збирка на документи од општествениот живот. Богата е, исто така, збирката на периодични изданија која ја сочинуваат популрани и научно популарни полски и странски списанија, како и локалниот печат. Долношлонската јавна библиотека располага со многу богата фонографска збирка со DVD плочи, CD ROM-ови, аналогни плочи, аудио и видео касети. Библиотеката нуди на читателите

За време на посетата во Вроцлав ни беа презентирани најзначајните споменици во градот и во околината – прекрасни стари градби, цркви, катедрали, замоци.

Соработката на НУ Универзитетска библиотека „Св. Клминет Охридски" и Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски" се развива интензивно и е од голема полза за двете институции.



Планирана е натамошна размена на искуства и меѓусебна помош во формирање на збирка на македонска литература во вроцлавската библиотека и на збирка од полска литература во битолската библиотека. Исто така, во план е активирање на меѓубиблиотечно позајмување на книжниот фонд. Веруваме дека заедничките активности на нашите две библиотеки корисно ке влијаат на подлабочување на соработка меѓу Полска и Македонија, особено на културен план.

# Полската книжевност во минатото и денес

*Приредила*
*Марија Малгожата Мачковска,*
*виш библиотекар*

Почетоците на полската книжевност се тесно поврзани со формирањето на полската држава во X-тиот век и со прифаќањето на христијанството. Првите зачувани дела се на латински (Хроники на Гал Аноним и на Винценти Кадлубек- XII и XIII век) и на полски јазик (песна за Богородица - XIII век , „Библија на кралицата Софија", проповеди, преводи на црковни текстови). Средновековната полска книжевност достигна најбуен развој во XV-тиот век. Освен црковна литература, се создаваат и световни дела кои ги отсликуваат најважните настани од општествениот живот и обичаите („Историја на Полска" од Јан Длугош, „Сатира за мрзливите селани" и др.).

Напредокот на полската држава, политичките, економските и општествените промени, како и пробивот на европскиот хуманизам во XV и XVI-ти век, имаа силно влијание врз развојот на полската култура и литература.

Во периодот на ренесансата полската книжевност стана важен дел од европската книжевност. Создадена е богата литература на полски јазик: проза, поезија, драма, публицистика (Миколај Реј, Клеменс Јаницки, Јан Кохановски, Л. Гурницки, А.Ф. Моджевски, С. Шимоновиц и др.).

Периодот од половината на XVII-ти век до почетокот на XVIII-ти век во Полска беше време на бурни историски случувања, војни, востанија, верски спорови и судири. Сите тие случувања имаа свој одраз во литературата и меѓу другото придонесоа за создавање дела со револуционерен карактер. Во овој период за полската литература е карактеристичен барокниот стил, интензивно се равива дворската лирика и другите литературни жанрови. Најпознати литературни творци од овој период се В. Потоцки, А. Морштин, Ј. Х. Пасек, С.Х. Љубомирски, С. Твардовски, В. Коховски.

Во втората половина на XVIII-ти век се случи сестран политички, духовен и уметнички развој на Полска. Тогаш во Полска за прв пат во светот беше формирано Министерство за образование, се појавија првите полски списанија, се создаде литература со просветителски идеи ( А. Нарушевич, И. Красицки, Ј.У. Њемцевич, С. Сташиц, Х. Колонтај).

После губењето на независност во 1795 година, Полска доживеа криза, меѓу другото, и на духовно поле. Во книженоста доминираше класицизмот, но набрзо, благодарение на младите романтичари, се создадоа нови трендови во литературата каде доминираа патриотски содржини. На чело на новите книжевни движења застанаат: Адам

Мицкјевич, Јулиуш Словацки, Зигмунт Красињски и Ципријан Камил Норвид - еден од најголемите новатори во полската поезија. Други значајни полски писатели од овој период се Ј.И. Крашевски, Ј. Кожењовски, А. Фредро.

После неуспехот на второто ослободително востание во 1864 година (првото се случи во 1831 година), новата генерација писатели- реалисти се откажа од востаннчките идеи на роматичарската поезија и го повика народот со упорна работа во просветата, науката и земјоделството да ја гради својата иднина. Претставници на тој период во литературата се: Болеслав Прус, Елиза Ожешкова, Хенрик Сјенкјевич, Марија Конопњицка, Адам Асник.

Следната група писатели создава натуралистичка визија за светот и животот (Габриела Заполска, З. Њедзвјецки и др.). Во овој период прозата со своите уметнички достигнувања се издигна над поезијата и драмата.

После позитивизмот и реализмот во полската книжевност се појави модернизмот ( „Млада Полска" ). Воскреснаа уметничките традиции на роматичарската поезија, а истовремено, како последица на општествениот развој во литературата се повеќе се појавува




социјалната проблеметика. Познaчајни писатели од овој период се Стефан Жеромски, Владислав Рејмонт, Станислав Виспјањски, Ј. Каспрович, К. Тетмајер.

После Првата светска војна во полската книжевност се појавија нови трендови : футуризмот, експресионизмот, поетската авангарда, модерниот психолошки и експериментален роман. Општите политички кофликти придонесоа за создавање богата литература со социјална проблематика. Познати писатели од овој период се Зофиа Налковска, Мариа Домбровска, Ј. Каден-Бандровски, Јарослав Ивашкјевич. Во овој период се создаде богата и вредна поезија. Нејзини творци се: Леополд Стаф, Болеслав Лесмјан, Јулијан Тувим, А. Слонимски, Чеслав Милош. Се појавија новаторски тенденции во полската проза, чии предтставници се Бруно Шулц, Витолд Гомрович, Станислав Игнаци Виткјевич.

После Втората светска војна со своето творештво продолжија М. Домбровска, Ј. Ивашкјевич, Ј. Парандовски, Л. Кручковски, Ј. Анджејевски, Т. Бреза, Т. Боровски, Т. Конвицки, В. Жукровски. Новите трендови во поезија после војна репрезентираа К.И. Галчињски, Ј. Пшибосј, Т. Ружевич, З. Херберт, С. Гроховјак , В. Шимборска. Други значајни личности од повоената полска литаратура се: С. Мрожек, Ј. Гловацки, М. Хласко, Р. Војачек, Е. Брил, Ј. Пилх, О. Токарчук и многу други.

Поновата полска книжевност ја карактеризира современо уметничко изразување, голем број уметнички школи и правци, ширина на уметничкото создавање и усмерување кон актуелните проблеми на полското општество и човештвото, воопшто.

Како потврда за големото значење на полската литература во светски рамки е доделувањето на Нобеловата награда за литература на четворица полски автори : Хенрик Сјенкјевич (1905 г.), Владислав Рејмонт (1924 г.), Чеслав Милош (1980г.) и Вислава Шимборска (1996г).





*Приредил*
*Драги Кабровски*

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ

**29.07.2008 г.**
**ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

Во рамките на Битолското културно лето и по повод 105 годишнината од националниот празник Илинден, во холот на Библиотеката беше поставена тематска изложба на книги која го опфаќа периодот пред Илинден, за време и после Илинден. На изложбата се презентирани околу 90 монографски публикации од Фондот со кој располага Библиотеката.

**5.09.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА ЗА ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА РМ**

По повод 8 Септември - Денот на независноста на Р. Македонија, Библиотеката подготви изложба на книги кои содржински се однесуваат на создавањето на државата како самостојна и суверена Република Македонија. На изложбата беа презентирани монографски публикации од Фондот.

**26.09.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА И ДВД**

Книгата **„ПЕСНИ - од ракопис до книга“ од Ванчо Николески ја уредија Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски и Милка Котевска.** Промотор на книгата беше писателот **Горјан Петревски**.

Беше промовирано **ДВД-то за НУУБ „Св. Климент Охридски“ од Битола.** Автори на текстот се: **Ленче Андоновска и Гордана Пешевска**. Промотор беше проф. д-р **Златко Жоглев**, ректор на Универзитетот во Битола.

**03.10.2008 г.**
**ВО ЧЕСТ НА АКАДЕМИКОТ ВИКТОР ФРИДМАН**

По повод Годината за одбележувањето на македонскиот јазик - 2008 година, во салата за промоции на Библиотеката, а во организација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Меѓународната асоцијација **„Македонски духовни конаци“ му ја додели наградата „Духовен воин“ на академикот Виктор Фридман**. Гостинот од САД го претстави проф. д-р Вера



Стојчевска Антиќ, а наградата му ја врачи поетесата Светлана Христова Јоциќ, претседател на Меѓународната асоцијација. На свеченоста свое обраќање кон присутните имаше и ректорот на Универзитетот, проф. д-р Златко Жоглев. Се водеше и разговор со академикот и присутните гости.

**09.10.2008 г.**
**ДОДЕЛУВАЊЕ МЕДАЛЈИ**

Здружението за македонско италијанско пријателство и соработка на овој ден во салата за промоции на Библиотеката, со почеток во 12 часот организираше доделување медаљи.

**14.10.2008 г.**
**ПРМОЦИЈА НА КНИГА**

Стихозбирката на битолскиот автор **Кире Неделковски „Чест“** ја промовираа **Петре Димовски и Милица Радевска,** а стихови читаше Силвана Петрова - Насух.



**17.10.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Во Библиотеката се одржа промоција на книгата "Раскажувачки текстови врз фактографски основи 1940 - 1945 плус 2004", од авторот Мишко Божиновски.

**28.10.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА ЗБОРНИК**




Во организација на Здружението на граѓани прогонувани, затворани и осудувани за идеите за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, се одржа промоција на **„Зборникот на политички затвореници 1945 - 1990“.** Промоцијата ја почна градоначалникот на Битола, г-дин Владимир Талески. Промотор на Зборникот беше проф. д-р **Вера Стојчевска Антиќ**, а свое обраќање имаше и претседателот на Здружението.

**04.11.2008 г.**
**ПО ПОВОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА БИТОЛА ИЗЛОЖБА НА КНИГИ „БИТОЛА НЕКОГАШ И ДЕНЕС“**

По повод 4 Ноември - Денот на ослободувањето на Битола, беше поставена изложба на книги под наслов **„Битола некогаш и денес“**, која беше прифатена и од општинската програма за одбележување на празникот на градот. На изложбата беа презентирани 160 монографски публикации и стари фотографии на Битола. Книгите содржински опфаќаа временски периоди од антиката, поблиското и подалечно културно-историско минато, општествено-економскиот развој  на Битола, научно-истражувачката работа, стопанството,  воспитно-образовниот процес и културата. Во изложбата беа вклучени книги од битолските писатели - членови на ДПМ, како и изданијата на Библиотеката



Изложбата ја отвори градоначалникот на Битола, г-дин Владимир Талески. За изложбата, кратко образложение за медиумите даде г. Драги Кабровски.

**04.11.2008 г.**
**ГРУПНА ПОСЕТА**

Учениците од прва година на првата приватна гимназија во Битола заедно со нивната професорка ја посетија Библиотеката. Учениците ја разгледаа изложбата на книги за Битола и на нивно барање го разгледаа магацинот за книги. За работата на Библиотеката, како и за начинот на пребарување  на автоматизираниот библиотечен каталог, им зборуваше г. Драги Кабровски.

**06.11.2008 г.**
**ГРУПНА ПОСЕТА**

Учениците од трето одделение при ОУ „Даме Груев“ од Битола заедно со своите наставнички ја посетија Библиотеката. Посетата беше реализирана во детската библиотека и со нив разговараше г. Драги Кабровски.

**07.11.2008 г.**
**ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР НА МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ**

Во читалната на Роднокрајното одделение, со почеток во 12 часот, се одржа **деветтиот по ред општински натпревар на „Млади библиотекари“.**

На натпреварот учествуваа вкупно 14 претставници  од сите основни училишта (по еден претставник) од општините Битола, Могила и Новаци и од поголемите селски населби Бистрица и Добрушево.

За подготовка на учесниците на натпреварот, Библиотеката им го обезбеди новиот Прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот „Млади библиотекари“ од Миле Бошески, директор на Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ од Скопје.

Натпреварот го спроведе комисија од три члена: **Јоланда Бошевска, претседател, Драги Кабровски, член, и Илче Стојановски, член**. На почетокот од натпреварот натпреварувачите ги поздрави директорот на Библиотеката, Науме Ѓоргиевски. Тој  им врачи





по една книга и Диплома за учество на сите учесници на натпреварот, додека како прва, втора и трета награда им врачи дипломи и вредни награди во книги од издавачот „Просветно дело“ од Скопје

**Првата награда ја освои ученикот Мартин Јоновски** од 8-б одделение при ОУ „Даме Груев“, со 116 бодови од вкупно 120. Втората награда му припадна на Тамара Трајковска од 8-в одделение при ОУ „Елпида Караманди“, со 110 бодови, и трета награда освои Ивана Коруновска од 8-б одделение при ОУ „Коле Канински“ од Битола, со 108 бодови.

Првонаградениот од овој општински натпревар, Мартин Јоновски, според пропозициите, се стекна со право да ја претставува Библиотеката на Републичкиот натпревар за млади библиотекари што се одржа во Кочани, на 21 ноември.

**17.11.2007 г.**
**СРЕДБА СО ПОВОД „БАЛКАНСКА САГА“**

На покана од Француската Алијанса од Битола, писателот **Луан Старова** зборуваше за неговата книга **„Балканска сага“** и за приемот на неговата последна книга во Франција, насловена ”Во потрага по Елен Лебовиц”.

„Балканската сага” (десет тома) е преведена на повеќе јазици и европската литературна критика ги става неговите дела меѓу романите на Исмаил Кадаре и Данило Киш. Старова е член на МАНУ. Имаше универзитетска и дипломатска кариера. Тој беше првиот амбасадор на Република Македонија во Франција.

**20.11.2008 г.**
**ПРЕДАВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Македонското научно друштво организираше предавање од проф. д-р **Тихомир Јовановски на тема: „Суштина на сегашната меѓународна финансиска криза“.**

По предавањето и дискусијата, се одржа промоција на книгата од професорот д-р Тихомир Јовановски „Економија за менаџери“.

**21.11.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола организираше промоција на книгата **„Филип Втори Македонски“ од авторите Ангелина Маркус и Ристо Поповски. Промотор на книгата беше проф. д-р Владимир Михајловски.**

**21.11.2008 г.**
**РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ ВО КОЧАНИ**

Во петокот, во Јавната општинска установа Библиотека (ЈОУБ) „Искра“ - Кочани, во организација на Друштвото на библиотекарите од Македонија, беше одржан **деветтиот Републички натпревар „Млади библиотекари“**. На натпреварот зедоа учество 24 натпреварувачи од сите библиотеки од Македонија.



**Првото место** со максимален број на бодови го освои **Мартин Јоновски** од ОУ „Даме Груев“ Битола како претставник од Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Битола.

Наградите и дипломите на учесниците ги врачи претседателот на Библиотекарското друштво на Македонија, г. Кирил Ангелов од Скопје.

Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ од Битола за одбележување на својот Патронен празник „Св. Климент Охридски“ (8 декември) изготви

Програма

на културни активности и тоа:

**03.12.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА ТРЕТ ЗБОРНИК И ОДБРАНИ ДЕЛА НА ЃОРЃИ ПРЧКОВ**



**Зборникот од Тркалезната маса на Третата роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија одржана во Библиотеката на од 22 до 23 мај беше промовиран од писателот Панде Манојлов.** Воведен збор даде главниот и одговорен уредник на Зборникот и медијатор на Тркалезната маса, **д-р Николче Вељановски**.

**Претставување на Одбраните дела (7 тома) од Ѓорѓи Прчков го направи д-р Николче Ваљановски**

**04.12.2008г.**
**„ПОЕТСКИ БРАНУВАЊА 2008“**



На **петнаесеттиот по ред конкурс „Поетски бранувања 2008”**, со свои лични творби, учество зедоа 80 ученици од основните училишта од градот со по една лична поетска творба. Библиотеката обезбеди награди за најуспешните творби и иститe им ги врачи директорот на Библиотеката, г. Науме Ѓоргиевски.

**Прва награда освои Марија Здравеска** од ОУ „Даме Груев“, две втори награди им беа доделени на Марија Станојовска од ОУ „Св. Климент Охридски“ и Лина Лумбуровска од ОУ „Гоце Делчев“, три трети награди им беа доделени на Катерина Ѓорѓиевска од ОУ „Стив Наумов“, Гордана Стојановска од ОУ „Тодор Ангелевски“ и Теодора Веловска од ОУ „Коле Канински“.

**Жири комисијата во состав Илија Мерковски, претседател, Драги Кабровски, член и Илче Стојановски,** член, одлучи, од вкупно осумдесет лични творби да издвои 30 најуспешни творби кои ќе бидат објавени во Билтенот „Поетски бранувања 2008“ кој го подготвува Драги Кабровски.

**ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА НА КНИГИ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

На изложбата беа презентирани 80 монографски публикации кои тематски беа наменети за свети Климент, првиот основоположник на библиотекарското дело и првата библиотека во Македонија.

Составен дел на изложбата беа изданијата на Библиотеката кои вкупно ги има 20, и фото-изложба од Општинскиот натпревар  и Републичкиот натпревар „Млади библиотекари” одржан во Библиотеката „Искра“ во Кочани, каде првата награда ја освои претставникот од нашата Библиотека, ученикот Мартин Јоновски од ОУ „Даме Груев“ од VIII-б  одд. и едно пано со ликот на свети Климент насликан од учениците.

**05.12.2008г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА „ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ ЗА БИТОЛА - ПИСАТЕЛИ”**

Книгата е во издание на Библиотеката, а нејзини автори се: **Ленче Андоновска, Науме Ѓорѓиевски, Благој Николов, Гордана Пешевска, Анета Стефановска и Светлана Талеска. За соработници: Милка Котевска и Александар Крстев. Промотори: Радован П. Цветковски, проф. д-р Драги Михајловски и Петре Димовски.**



**ИНФО КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР**



После промоцијата на книгата „Значајни личности за Битола - писаатели", за прв пат во холот на Библиотеката, пред присутните гости, под раководство на **Анастасија Милевска**, вработена во Библиотеката, се претставија младите креативци со свои точки придружувани со музика.

**11.12.2008 г.**
**ПРЕДАВАЊЕ**

Во организација на Француската Алијанса во салата за промоции на Библиотеката се одржа **предавање на тема: „Студии во Франција"** со подтеми „Квалитет, ниски школарини, студии на француски и англиски јазик и студии по француски програми на Универзитетите во регионот".

**19.12.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**
**„РЕЧНИК НА ДЕМИРХИСАРСКИОТ ГОВОР"**

Националната и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" од Битола и Издавачот „Академски печат" од Скопје, по повод 2008 година - Годината на македонскиот јазик, одржаа промоција на книгата **„Речник на демирхисарскиот говор" од авторите Радован П. Цветковски и Божо Стефановски. Промотор беше проф. д-р Кирил Трајковски.**



# Општински и републички натпревар - „Млади библиотекари"



*Приредила*
*Јоланда Бошевска, виш библиотекар*

Традиционално и оваа година, во нашата библиотека беше одржан деветтиот по ред општински натпревар „Млади библиотекари". На наше големо задоволство, интересот за учество на натпреварот беше на високо ниво. Ученици од тринаесет основни училишта од Битола, Бистрица, Могила, Новаци и с. Добрушево, зедоа учество на натпреварот.

Младите библиотекари со помош на своите ментори, се потрудија да ги совладаат дефинициите, поимите, настаните прикажани во прирачникот кој им беше навреме доставен. После повеќегодишна работа, како претседател на комисијата што го спроведува општинскиот натпревар во нашата библиотека, на големо задоволство, можам да забележам дека од година во година кандидатите постигнуваат подобри резултати. Оваа година прво место освои





ученикот Мартин Јоновски од ОУ „Даме Груев" од Битола, со освоени 116 од вкупно 120 бода. Победникот на општинскиот натпревар ја претставуваше нашата библиотека на републичкиот натпревар, кој оваа година се одржа во Кочани. Пред натпреварот , го подготвував кандидатот со цел дам у објаснам некои стручни делови од прирачникот И да го проверам колку ги совладал.

На 21 ноември 2008 г., во Општинската библиотека „Искра", во Кочани , се собраа 24 натпреварувачи од Р. Македонија, победници на општинските натпревари. Традиција е, домакинот на натпреварот да ги одведе своите гости на некое значајно место во нивниот град. Овај пат посетивме една од средновековнит кули во Кочани, во која е сместена музејската поставка и книжниот фондот од роднокрајната збирка на библиотеката.

Највозбудливиот дел од оваа моја прва посета на Кочани беше соопштувањето на резултетите од натпреварот и доделувањето на наградите. Радоста беше преголема кога сватиивме дека последен кој требаше да бибе прочитан беше нашиот Мартин... и, повторно прво место како во 2006 година во Радовиш. Среќен беше Мартин, среќни и задоволни бевме ние, екипата што го придружувавме.



## ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

*Приредила Гордана Марковска*

2. ОСТРОВ - Викторија Хислоп
3. СЕ ВИКАМ ЦРВЕНО - Орхан Памук
4. НОВ БЕСПЛАТЕН ЧОКОЛАДЕН СЕКС - Кит Лоу
5. ТЕРОРИСТ - Џон Апдајк
6. РЕЦЕПТ ЗА СОВРШЕН БРАК - Кејт Кариган
7. ФРАНЦИСКАНСКИОТ ЗАГОВОР - Џон Сакс
8. ПРЕСТИЖ - Кристофер Пруст
9. ВОДА ЗА СЛОНОВИ - Сара Груен
10. БРОКЕР - Џон Гришам

## ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

*Приредила Стеванка Петковска*

1. МОКРО КУЧЕ, СУВА МАЧКА - Александар Поповски
2. ТРОПА ТРУПА - Гочкова Косара
3. ПРИНЦЕЗАТА НА БОСТОНСКИОТ ЦАР - Александар Поповски
4. КАЖАМ ЛАЖАМ - Џамбазов Ненад
5. РУСКИ БАЈКИ
6. ПРИКАЗНИ ЗА ДОБРА НОЌ
7. МАЛА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА ИСТОРИЈАТА
8. МАЛА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА МОРИЊАТА
9. МАЛА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА НАУКИТЕ
10. МАЛА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА ЖИВОТНИТЕ
11. МАЛА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА ВСЕЛЕНАТА
12. МАЛА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА ДИНОСАУРУСИТЕ

# ИНТЕРВЈУ СО БИБЛИОТЕКАРИТЕ НА ПУЛТОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ

## (Прво продолжение од Библиотеката - наша судбина, Библиотечен тренд бр.9)



*Приредил Николче Вељановски*
*библиотекар советник*

Во минатите броеви на Библиотечен тренд беа водени посебни интервјуа со директорите на Библиотеката, во број 9 водев интервјуа со најстарите вработени од кои, денес, повеќето се во пензија. Во овој број на списанието ги објавуваме поединечните разговори со библиотекарите Гордана Марковска, Илче Стојановскиво и Маријан Котевски во одделот Зајмување и услуга за возрасни, Благојче Ѓупаровски во магацинот за книги, Стеванка Петковска во Детската библиотека и Благој Бошевски во одделот Прием и техничка обработка на книгата.

На сите им беа поставени идентични прашања:

- кога се вработени во Библиотеката, дали биле вработени на друго место и споредба;
- нивното гледање на работата како библиотекари, споредба на различните работните места во Библиотеката;
- каква е соработката со нивните колеги;



- што им пречи во работата;
- која литература најмногу ги привлекува;
- што читаат во моментот;
- кое е нивното хоби.

**ГОРДАНА МАРКОВСКА (Зајмување и услуга за возрасни)**

Се вработив во јануари 1985 година. До 1991 година работев во реонските библиотеки во с. Буково и с. Новаци. До 1995, четири години работев во библиотеката во „Чинарот“. Од 1996 година сум во Главната библиотека. Но ова не беше мое прво вработување. Голема желба ми беше и се едуцирав за наставник за да работам со деца. Кратко време работев како наставник во основните училишта во с. Новаци и



с. Маково. Половина година пред да се вработам во Библиотеката работев во Радио Битола. Бев спикер и уредник на неколку емисии. Морам да признам, тоа ми беше и моја животна желба. Тоа ми беше најголемо задоволство, ме исполнуваше.

Напорно е да се работи на шалтерот од Одделот за зајмување и услуга за возрасни. Си создадов една филозофија како олеснителна околност за да го победам она што ми е напорно. Работата на шалтер има и своја убавина, запознавање нови луѓе, различно едуцира-

ни од различни профили, а мило ми е кога кон мене се однесуваат љубезно и со почит. Така, шалтерот ми овозможи некои од стекнатите познанства да преминат во пријателства.



Како одраз на времето во кое што живееме се случува да дојдат и луѓе кои носат тензија во себе. Тоа им се чита од лицата. Тие не смеат да ја осетат тензијата што јас ја носам. Се трудам колку што можам.

Моето место е такво што морам да соработувам со сите оддели. Соработката се одвива коректно. Со сите колеги сум на ниво на колегијалност.

Во реонските библиотеки си ја работев работата со задоволство затоа што влегов на работа на неопределено работно време. Мислам дека можев да се докажам и на други работни места, откако дојдов овде, но со текот на времето не ми преостана друго, освен да ги прифатам работите такви какви што се. Никогаш не се остварив како фактор кој може нешто да смени. Годините поминаа ... Сметам дека на шалтер треба да работат млади кадри, а зошто? Тоа ни е на сите јасно.

**Можете ли да ни направите споредба кое работно место повеќе Ве привлекуваше?**

По сила на околностите во мојот живот сменав неколку професии, но никогаш не бев далеку од книгата. Медиумската работа, признавам, најмногу ми овозможи да се докажам со квалитетите што ги поседував. Се пронајдов себеси пред таа голема магија што се нарекува радио. Беше тоа Радио Битола. И денес со нежност се сеќавам на восхитените лица на колегите кои од режијата го следеа она што во моментот го снимав во студиото. Или пак, директорот лично да ви довери да ја подготвувате самостојно и да ја пуштите во програма неговата емисија, а потоа да ви изрази благодарност за успешно извршената задача. Поголема сатисфакција, верувајте ми, нема. И воопшто, меѓучовечките односи беа посрдечни, искрени, едноставно да се почувствуваш вистински човек. Како тоа гордо звучи, нели?

**Која литература Вас лично Ве привлекува?**

Ако кажам дека Ерих Фром ми е еден од најомилените автори тогаш сум кажала се. Посебно книгата „Уметноста на љуовта". Ја сакам добрата белетристика. Најголем впечаток ми оставиле класиците преку „Ана Карењина", „Доктор Живаго", Перл Бак со книгата „Мајка". Овие книги, нивните содржини се дел од мојата душа. Во моментот ја читам книгата „Минарет" од Лелја Абулела.

**Дали сте се обиделе да пишувате?**

Чинам пишувам откако ја научив азбуката. Во текот на целото мое школување пишував и уредував училишни весници, бев редовен учесник на литературни конкурси, а наградите ми беа подстрек да работам понатаму. Имам пишувано есеи - размисли за тоа како го гледам животот, како и четириесетина афоризми. Поезијата отсекогаш беше моја љубов. Но, не обелоденив ништо. Зошто? Простете, нема да Ви одговорам. Индискретно е.

**ИЛЧЕ СТОЈАНОВСКИ (Зајмување и услуга за возрасни – Оддел Информации)**

Основно училиште завршив во с. Стење и Царев Двор - Преспа, а Средно економско училиште завршив во Битола. Во Библиотеката се вработив на 1 мај 1996 година. Од 1980 до 1987 работев во ГП “Гранит”. Од 15 декември 1988 до 30 април 1996 година работев во Културно - просветната заедница (КПЗ), односно Центарот за култура и информации.

Уште како дете од прво и второ одделение пишував песнички и прозни состави, а подоцна преку професорката Лилјана Белчева ја засакав книгата.

Од 1976 година сум член на Литературниот клуб “Стале Попов” Битола, бев и негов претседател и секретар, исто така бев претседател и секретар на “Книжевната младина”.

Во периодот меѓу 1984 и 1987 година ми беа објавувани песни и написи во многу весници и списанија. Пишував акро-стих. Учествував и на многу литературни и културни средби во Р. Македонија: Тиквешки литературни средби, Ацо Караманов во Радовиш, Млада Струга и др., како и на многу литературни средби на млади писатели и поети низ цела Бивша Југославија. На општинско ниво и пошироко добивав и награди.

Преку анонимен конкурс ја објавив и мојата прва книга песни “Остров во окото” во 1985. Мојата втора книга “Поглед низ прозорецот” беше издадена во



1991 година од Друштвото за наука и култура - Струга. Со песната "Птица" влегов во Антологијата на најмлада македонска поезија.

Моја инспирација беа и се Ацо Шопов, Блаже Конески, Жак Превер, Сергеј Јесењин, а ги читам и делата на Владимир Костов, Петре М. Андреевски. Сакам добра белетристика и од странските автори: „Времето на лалињата од Могах", „Девојката со бисерна обетка" на Трејси Шевалие ...

**Кажете ни нешто за вашата работа во КПЗ?**

Во КПЗ бев референт за литературни и драмски аматерски дејности. Организиравме реонски смотри, литературни средби, соработував со Библиотеката како член на комисија на Поетските бранувања, во која заедно со Илија Мерковски и Драги Кабровски сум и денес. Учествувавме на многу средби на збратимени градови: Требиње, Никшиќ, Крањ, Ниш, Јајце и други. Организирав средби во Домот на армијата, Смотра на рецитатори на општинско ниво и тн. Бев член на жири комисија на многу литературни конкурси. Преку драмските аматерски активности излегоа многу талентирани деца кои подоцна станаа актери, режисери, завршија факултет за книжевност и сл.

**Како се снајдовте како библиотекар?**

Основата ми е економско училиште, но искуството во литаратурата и активностите во КПЗ ми помогнаа многу брзо да се прилагодам на работата во Библиотеката. Моите 7 години во реонските библиотеки Јенимаале и с. Новаци, с Могила и "Кочо Десано" и "Чинарот" не се баш за пофалба заради специфичните услови, ограничениот фонд на книги во нив и малиот број на читатели, но сепак стекнав одредени предзнаења и искуства. Откако дојдов во Главната библиотека задоволството беше поголемо затоа што контактот со странките беше директен и поголем во поглед на доставување на информации. Работев во одделот Зајмување и услуга за возрасни. Завршив и Педагошки факултет.

Со автоматизацијата на библиотечните процеси работата стана многу автоматска, се сведе повеќе на класично шалтерско работење, зајмување И раздолжување на книги, така што креативноста е малку застапена.

Еден период бев во Детската библиотека. Потоа, во смена бев со Стеванка Петковска, Светлана Талевска и Благојче Ѓупаровски.

**Зошто не објавувате повеќе?**

Имам напишано повеќе рецензии, а исто така имам подготвено и неколку збирки, но финансиските можности за нивно објавување ми се мали.

**Што читате во моментот?**

Го читам продолжението на книгата „Анастасија" од Владимир Мегре, „Ѕвонливите кедри на Русија", а во Библиотеката пристигнаа и други продолженија.

**СТЕВАНКА ПЕТКОВСКА (Детска библиотека)**



Во Библиотеката се вработив од ноември 1981 година. На почетокот 5 години работев по 3 дена во Чинарот и два дена во "Кочо Десано". Потоа, 2 години работев по два дена во "Чинарот" и два дена во библиотеката во Јенимаале, а во петок бев во "Кочо Десано". Од 1988 сум во Детската библиотека со полно работно време. Работев со Александра која дојде на местото на Ленчето. На почетокот бевме во просторија во старото крило, а потоа книгите беа преселени во една од читалните во новото крило, а во последните



неколку години книгите се преместени во читалната до Одделот за зајмување и услуга за возрасни. На почетокот од 2003 година се отвори шалтер за издавање веднаш до постоечкиот шалтер на овој Оддел.

Во споредба со малиот книжен фонд во реонските библиотеки, имавме читатели. Во библиотеката во „Чинарот" во една година се запишаа околу 300 читатели. Но, што се однесува до условите, тие беа многу лоши. Немаше WC, немаше вода, постојано имаше проблем со огревот, еднаш си го упропастив и палтото од саѓите. Правев списоци за книги и лектири кои му ги доставував во Библиотеката. Но, со текот на времето реонските библиотеки беа запоставени, не беа снабдувани и така згаснаа.

Бројот на читателите во Детската библиотека се движеше од 2800 до 3000 членови годишно. Денес, после автоматизирањето на зајмувањето тој број се движи од 3500 до 4000 членови.

Работата со странки е напорна. Барем последните години можевме да бидеме на помирно работно место, но сега веќе е доцна.

Со Александра Раиф работевме 20 години. Со Илче Стојановски соработувавме 4-5 години. Одлично се сложувавме затоа имавме и успех. Немав амбиции за други работни места. Потполно бев предадена на работата. Со задоволство си ја работев и си ја работам сега. Читавме многу. Можам да речам дека 99% од книгите ги имавме прочитано и се надополнувавме кога требаше да ги упатуваме децата во нивната содржина. Посебно, сите нови книги ги читавме. Затоа на младите колеги кои работат во овој Оддел би им препорачала секоја нова книга да ја разгледуваат за да се запознаат со нејзината содржина. Од големо значење за децата се темите кои се содржат во книгите.

**Што е она што Ви пречи во работата?**

Според мене, шалтерското издавање не е за деца. Секогаш сум се борела за тоа во непосреден контакт да разговараме со децата. Ги прашувавме дали ги прочитале книгите. Тој контакт веќе се изгуби. Мислам дека директорите немаа слух за тоа. На почетокот, откако се автоматизира Библиотеката, бројот на членови значително се намали, или можеби тоа беше нетактичност со механичкото рачунање на казните за ненавремено вратените книги кои дотогаш ги имаше многу. Но, постепено читателите се привикнуваа на овој начин на работа. Целта е децата да се навикнат на одговорност за навремено враќање на книгите.

**Која е актуелна литература за децата?**

Најинтересни се авантуристичките романи како што во последните години е Хари Потер и Ерагон и други. Од странските автори се читаат книгите Хајди, Пиерета, Колибата на чичо Том, Патување во центарот на земјата и Дваесет милји под море и други. Младите ја сакаат литературата од секојдневниот живот, се читаат Горјан Петровски, Томе Арсовски, Глигор Поповски, Велко Неделковски, Ванчо Николески, Ѓорѓи Прчков, Ката Мисиркова Руменова, Оливера Николова и други. Во последните години зголемен е интересот за енциклопедиите.

**Која литература лично Ве привлекува?**



Имам прочитано многу книги. Ми се допаѓаат: Кодот на Да Винчи, Мемоарите на една Гејша, Никаде без ќерка ми, Ќерките на чуварот на спомените, Жена во црвено и други, но најмногу ги сакам класиците Иго, Ремарк, Перл бак, Лајош Зилахи, Луис Бромфилд и други.

**БЛАГОЈ БОШЕВСКИ (Прием и техничка обработка на книгата)**



Со акцијата за вработување во тоа време се вработив како библиотекарски помошник во магацинот за книги, во април 1984 година. Дваесетина години работев на ова работно место. Работата во магацинот за книги бара посебна дисциплина и издржливост, посебно бара соработка со другите колеги од Издавањето. Во сите овие години честопати ги заменував колегите и на пултот за Издавање за возрасни и деца. Мене работата ми е задоволство. Со оглед на тоа што од магацинот книгите се испраќаат по лифт, за мене, качувањето и слегувањето по скалите од магацинот до пултот за издавање ми беше еден вид мал тренинг, односно за да услужам една странка со задоволство слегував и се враќав со книги и по неколку пати.

Задоволство ми беше и тоа што во мојот долг работен стаж на ова работно место ги научив каде се наоѓаат скоро сите книги. Најчесто, доволно ми беше само да ми го кажат насловот на книгата без да запишуваат број. Работата ми помагаше во одржување на мојата форма за неделните натпревари.

Од крајот на 2002 година работам во одделот Прием и техничка обработка на книгата. Откако пакетите со книги се распакуваат во одделот Набавка на библиотечните материјали, се прават листи, а јас ги потпечатувам и му ги доставувам на колегата во одделот за УДК, Митре Талевски. На почетокот помагав при компјутерското изработување на членски карти. Автоматизацијата на библиотечните процеси воопшто не е проблем за мене. Помагам каде што е потребно, заменувам во магацинот за книги за возрасни и во Детската библиотека, помагам при набавка на материјалите за Библиотеката, а најмногу сум ангажиран за време на саемите на книгата во градот кои ги организира Библиотеката како и на мини-саемите во холот на Библиотеката.

**Со кои Ваши колеги најмногу сте соработувале?**

Во магацинот за книги работев на смени, претпладне и попладне, се менував со Елица Ѓорѓиевска. Една година бев во смена со Лена Секуловска која работеше на пултот за издавање на книгата, а со Ричард Иванишевиќ работев 10 години. По неколку месеци на пултот работеа Благој Николов и Науме Ѓоргиевски. Шест години бев во смена со Лидија Мирчевска и на крајот една година со Светлана Талевска.

**Нашиот покоен колега од пред четири години, Ричард Иванишевиќ работеше и во Одделот Информации, имате убави спомени?**



Со Рики поминавме многу убави денови. Тој беше постојано со машината за пишување. Пишувањето му значеше живот. Нашиот Рики го заменувавме со „Лицето“. Тој често ѝ замеруваше на нашата колешка Оливера затоа што во трето лице сите ги ословуваше со „лицето“. Го запамтивме по некои од неговите фрази кои постојано ги повторуваше кога бевме заедно. „То е то, а без то нема то“. „Знајш шо Бакал?“ - Шо? - „В ред“. „ГеГе“ ( Господ гледа). Трајко Огненовски го викаше Т(е)О (територијална одбрана). Писателот Радован П. Цветковски го викаше РПЦ (звучеше како МПЦ). Кога ќе добиеше сигнатура, на замена во магацинот тој го фрлаше ливчето и ја памтеше сигнатурата, а ние намерно ќе му го свртувавме вниманието за да го заборави бројот. - Е сега што ми напрај, ја заборавив сигнатурата! Вработените го почитуваа и го викаа на кафе. Додека стигнеше до кај нас долу на кафе, го чекавме да испие кафе на погорните спратови. Ракијата, цигарите и кафето на едно место ги викаше „мртва природа“.

**Дали имаше нешто што Ви пречи во работата?**

Во годините наназад во "Издавањето" имаше масичка со две фотељи и решо. Многу се пушеше и се оставаа неизмиени финџали. Ги критикував во шега, колешките: Чекаш од овие домаќинки да станат!?

**За Вашето хоби пишувавме во Библиотечен тренд број 11?**

Фудбалот и пинг понгот. Со пинг-понгот сум и денес. Во бившите ЈУ - простори учествував на повеќе републички и државни првенства. Еднаш бев првак на Југославија и три пати на Македонија. Три години бев во првите десет спортисти на градот. И ден денес се натпреварувам, играм за ППК "Струга" од Струга, во Суперлигата, а истовремено учествувам во тренирањето на младите пингпонгари, понекогаш сум нивен официјален судија на натпреварите.

**БЛАГОЈЧЕ ЃУПАРОВСКИ (Магацин за книги)**



Во Библиотеката се вработив во 2000 година. Две години работев во реонските библиотеки во с. Бистрица, с. Кравари и „Кочо Десано". Во 2002 година бев преместен во магацинот за книги на одделот Зајмување и услуга за возрасни. Работев во смена со Светлана Талевска.

Во реонските библиотеки имаше мал фонд книги и мал број читатели. Овде се работи за за фонд од 500.000 книги кои треба секогаш да бидат подредени по формат и сигнатура. Има Архивски дел каде се чуваат задолжителните примероци, Збирка туѓа литература, стручна литература и белетристика. Скоро 90% од најмногу читаната литература ја знам со местото во магацинот, што во многу ми ја олеснува работата мене и на колегите од Издавањето. Сепак



лифтот ни е од голема помош. Условите во магацинот ни „дозволуваат" да бидеме често кај пултот за Издавање. Така доаѓам и во контакт со странките кои понекогаш слегуваат во мое присуство во магацинот заради некои свои специфични барања. Исто така, често им покажувам на читателите како да ги пребаруваат книгите на компјутер.

**МАРИЈАН КОТЕВСКИ (Зајмување и услуга за возрасни)**

Во Библиотеката сум од 1 март 2002 година. Две години работев како Архивар - секретар со документи и на телефонската централа. Од една страна, огромна одговорност за важноста на документите, од друга напорна затоа што тогаш ги учев принципите во работата, запознавање со колегите и одговорноста во работењето. Во тоа време директор беше Анета Стефановска која беше многу комуникативна така што работното место беше многу оптоварено.

Како фотограф изработував членски карти и често заменував во двата магацини за книги. Им покажував на читателите како се пребаруваат книгите на терминалите, односно компјутерите сместени во холот. Најмногу ми пречеше кога требаше на еден ист





човек, одново и одново, по неколку пати да му покажувам како се пребарува при секое негово доаѓање.

На издавање сум нешто повеќе од еден месец. Сè уште се приспособувам на многу ситуации затоа што за мене сè е ново, а читателите имаат најразлични потреби во поглед на литературата. На некои од читателите им помагаме веднаш, а некои ги упатуваме во одделот Информации каде што од неодамна работат колегите Илче Стојановски и Александар Крстевски.

**Дали имате хоби?**

Сликарството ми е опсесија. Голем дел од времето го минувам сликајќи масло на платно. Порано бев заљубеник во моторите - 125 цм3, имав мотор марка Сузуки. Учествував на државни првенства, на Мото крос, во повеќе градови во Македонија. Нема поопасен спорт од Мото-крос. Натпреварувачите потпишуваат документ дека на сопствен ризик излегуваат на трката. Скоковите можат да бидат и до 40 метри.





**Наградата „Ванчо Николески", која традиционално ја доделува Друштвото на писателите на Македонија, оваа година отиде во рацете на писателот Петре Димовски за неговиот роман „Големата авантура". „Тоа е мојот прв роман за деца и млади", ни рече авторот. Досега има напишано уште пет романи за возрасни, три збирки раскази и една збирка монодрами.**

Тоа е роман за разнебитувањето на едно битолско семејство, распнато на релација Македонија – Австралија, поточно Битола – Сиднеј.

# КАЈ КАПЕТАНОТ

-Ти си патникот 366? - праша пилотот и без да чека одговор, продолжи: - Љубезно што се јави!

Ми покажа слободно седиште да седнам.

Миг владееше небесна тишина. Сè уште стоев така простум, вџашен пред големата табла со разни инструменти. Нивното светкање, мигање и пулсирање ме маѓепса и заборавив на себеси. Од инструментите погледот ми избега надвор и ми потона во провалија. Пребледнав и за малку не ја изгубив рамнотежата. Во тој миг се почувствував сам турнат во просторот каде тонам и ништо не може да ме задржи од големиот страотен пад. Кога низ прозрачноста ми стигна погледот долу на земјата, јас сфатив дека сум на голема височина и дека сум затворен безбедно од каде сè можам да гледам, и својот страв од висината. Во далечината се отвораше видикот на мојата планета, јас сум избегал од неа и можеби ќе ја немам желбата да ѝ се вратам, зашто таму ќе ме чека лошата Мони. Долу треперат градовите, се палат и гаснат светилки

како што се раѓаат и умираат ѕвездите а јас стојам горе на небото и моја волја е вечно да му се восхитувам на глетката и да не ми ја нарушат никакви сили.

- Седни! - пак ме понуди љубезниот капетан и за миг ме врати во кабината и во настанот.

Ме открија, прошепотив. Но тоа не е страшно. Кога - тогаш ќе ме откриеја или сам ќе им се предадев. Одовде не можат да ме вратат. Јас сум нивна судбина и решението не може да биде по нивна волја. Ќе стигнам кајшто ќе стигнат и другите.

- Одам кај мама - одговорив без да барам дали нивната желба е да го откријат тоа. Тоа беше мојата желба и јас ја кажав.

- Ги имаш при себе твоите документи? - ме праша љубезно капетанот.

Јас бев изненаден од неговата љубезност и од топлината со која ми зборуваше. Очекував дека ќе бидам искаран.

- Моите документи се кај мама! - одговорив.

- А кога и каде отпатува мајка ти и како те изгубила? - беше љубопитна стјуардесата.

- Ми рекоа дека мама ме напуштила, но потоа разбрав дека беше прогонета во својата земја.

- Кој ја прогони? - праша капетанот.

- Тато и власта. И лошата Мони. Од неа избегав.

- Исклучителен случај - рече капетанот обраќајќи се кон својата посада.

- Во мојата практика таков случај сум немал.

Потоа додаде кон мене:

- Не смееш да патуваш без документи и без билет!

- Застанете, ќе слезам!

Миг завладеа земна тишина. Тишината навлезе и во мене, а најмногу изненадувањето за зборовите што ги изговорив. Бев виновен, а неконтролирано чувство ме втурна во тоа да им противречам. Казната ја заслужив и ја очекував.

Капетанот го завлече лицето во насмев, смеата активирана од таа каписла експлодира и ја исполни кабината со воодушевување. Капетанот навистина не можеше да го запре своето смеење. Другите и натаму го поддржуваа и тоа беше вистински хор на смеа. Се засмеав и јас, иако со внимателност на непријатно исчекување...




- Мислам, не си смеел да се качиш во авионот - откако ја стиши и затвори смеата продолжи капетанот. Во авионите не смеат да влегуваат патници без билет.

Не одговорив ништо. Веќе немав одговор.

- Си згрешил! Многу си згрешил - рече капетанот.

- Грешив - реков. - Но морам да одам кај мама - го поправив својот одговор, укажувајќи дека не може да биде грешка да се оди кај мајка си што се сака.

- Кај мајка ти ќе одеше легално, со документи и со билет. Така се патува во светот! Сите овие патници со себеси имаат и документи и авионски билет. Инаку не би можеле да патуваат. Би правеле голем прекршок.

Капетанот не ја сфаќаше мојата положба. Тој работите ги гледаше исклучиво од своето гледиште и така ги поставуваше. А јас што би правел без мама?!

Стјуардесата ми подаде кока кола, како што ми вети пред да ме внесе во кабината и ме врати на седиштето во авионот.

Сега воопшто не знаев на што сум. Дали ќе ме вратат? Не сакав да се вратам кај Мони и би дал голем отпор. Ќе им се спротивставам на такво решение. Јас сакав кај мама. Знаев колку страда без мене. Веројатно ја изгубила надежта дека некогаш ќе ме види. Од мене ја делеше далечина од половина земјина топка. Бевме на спротивните страни на светот. Таа беше предадена од тој што го сакала најмногу и најмногу му верувала и прогонета од властите зашто ги прекршила строгите закони.

Знаев дека по слетувањето на авионот ќе ме стават во друг авион што се враќа назад и така моето патување ќе биде завршено..

Звучникот зашуме и се јави гласот на капетанот.

- Молам за внимание! Во авионот е откриен 366-от патник кој е слеп патник. Тоа е едно дете што избегало од татко си за да појде кај мајка си. Ќе го следиме законот.

Гласот во звучникот секна. Со него беше потврден мојот страв: дека ќе ме вратат назад.

Ми се протркалаа солзи по лицето. Во авионот светеа бледникави светла и сигурно влажноста во очите патниците не можеа да ми ја забележат. Но јас плачев. Безгласно, со болка во срцето и со солзи што ме печеа.

Одеднаш во мене навлезе некоја решителност.

Нема да ме вратат! Штом авионот ќе слета, јас ќе избегам и ќе се скријам! Ќе го пронајдам другиот авион што го продолжува патот и ќе се качам во него! Само така можам да стигнам до мама!

Дали тоа не беше луда мисла предизвикана од силната желба да појдам кај мама? А кој беше толку силен да ми го одзема најголемото мое право, да ми ја гасне најсилната желба, да ми ја убива иднината? Сега никако не можев да се помирам со некакви правила што требало да бидат почитувани целосно на моја штета. Зошто не ме прашаат која е мојата желба? Иако им ја кажав, не сум сигурен дека ја ислушаа. Зошто не ме прашаат колку е таа голема, силна, искрена? И дали може да имам поголема желба од неа? Таа е сочинета од сите други желби, тие се вградени во неа, слеани и ја направиле една и целосна. Јас во овој миг и немав друга желба. И не можев да имам. И не сакав да имам. За мене само таа желба беше важна, само таа постоеше и само во неа се препознавав. Во секоја друга немаше да бидам јас.

Сакав тоа да им го кажам на сите. На екипажот, на патниците, на светот. Не смее да ми се одбие единствената моја желба. Ако ми се одбие, јас што би правел без желби?! Јас немав други желби, тоа го спомнав! И не сакам да имам!

Дали толку е тешко да се исполни една желба?

Зошто возрасните се фалат дека тие можат сè, дека секогаш можат сè, а еве не можат да ми ја исполнат мојата единствена желба, покрај сè и толку едноставна? Вие чичковци и тетки од посадата, вие патници од авионот, вие од целиот свет: та нели знаете дека сте или сте биле со своите мајки кога бевте деца, а тие неизмерно се сакаат?!

Имав некое чувство дека во пилотската кабина се решава за моето враќање. Капетанот беше добар, но само ме прелага со својата добрина, зашто тој строго се држи за законот и безрезервно ги почитува правилата. Станав од столот. Најпрво мислата ме носеше кон тоалетот. Но кога го видов Ќелавиот Чичко ги менив и мислата и правецот.

Го затресов за рамото и тој излезе од некој плиток сон.

- Можеш да си седнеш на твоето седиште - му реков. - Мене секако ќе ме вратат и тоа седиште ќе остане празно.

Ќелавиот Чичко ме подзеде кај него и љубопитно го побара одговорот. Му ја кажав мојата приказна.

Ќелавиот Чичко го обземаше мојот проблем. Како да се спречи моето враќање?

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ ШТО ЈА ОБЕЛЕЖАА 2008 ГОДИНА

## Меѓународна соработка меѓу библиотеките од Битола и Сплит

После успешно водените преговори, наша делегација, во периодот од 17.04 – 20.04.2008 година, ја посети Библиотеката „Марко Марулиќ" од Сплит Р. Хрватска.

Од страна на домаќините бевме срдечно примени.



Беше поставена изложба на тема „Книжевното наследство на Република Македонија", во холот на Библиотеката. Изложбата ја поздравија директорката на Библиотеката и заменикот градоначалник на Сплит, кои посакаа соработката да продолжи и да стане традиционална.

Следеше воведно излагање на раководителот на Проектот, г-ѓа Ленче Андоновска, на тема „Патот на Библиотеката од нејзините корени до современите текови". Осврт за книжевното наследство на Македонија даде директорот на НУУБ – Битола, г. Науме Ѓоргиевски.

На видео-бим беа презентирани, во кратки црти, податоци за Република Македонија, Општината Битола со нејзините 10 конзулати и карактеристиките на Националната установа – Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски" – Битола.



*При посетата на Македонско - хрватското друштво од Сплит*

Во преполниот хол на Библиотеката во Сплит, изложбата за отворена ја прогласи пратеничката во Парламентот на РМ, г-ѓа Анета Стефановска. Изложените книги во Библиотеката, околу 300 на број, им беа оставени како подарок на Библиотеката од Сплит во знак на добрата соработка и нејзино продолжување.

## СОРАБОТКА СО БИБЛИОТЕКАТА „МАРКО МАРУЛИЌ“ – СПЛИТ



Наш соговорник и водич – Весна Михановиќ (во средината), раководител на развојната и матичната служба за цела Жупанија.

Одделот за возрасни и деца на Градската библиотека „Марко Марулиќ“ во Сплит има околу 40000 книги, но бидејќи се на широк простор, изгледаат повеќе. Вкупно 2700 м2( 400 м2 + 450 м2 детски и оддел за возрасни). Има политика за градење и реновирање на библиотеките. „Се започна со библиотеката во Задар, која настрада во војната, - ни рече Весна, - а потоа Шибеник, Вараждин и т.н. Во нашата Жупанија има 11 библиотеки. Компјутерскиот систем за сите библиотеки го одржува посебна фирма“.



Книгите се наредени по области, а во областите се наредени по УДК. Сите книги постари од 1995 година се сместени на долниот кат.

## БИБЛИОТЕКАТА „БРОДАРИЦА“

Библиотеката „Бродарица“ е сместена на 9 кат на еден облакодер, на 400 м2 најсовремен библиотечен простор, со поглед на цел Сплит. Мебелот е со италијански дизајн. Погледот е на брдото Марјан, Катедралата „Свети Дуе“ и на морето.



# ИЗЛОЖБАТА „МАКЕДОНИЈА ОД АНТИКАТА ДО ДЕНЕС“ ВО СОФИЈА

Во организација на Културно-информативниот центар на Р. Македонија во Софија, Р. Бугарија и НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, на 26 јуни во 19 часот, во просториите на КИЦ беше отворена изложба на книги „Македонија од антиката до денес“. Изложбата беше претходно подготвена од претставниците на Библиотеката, Илче Стојановски и Благоја Бошевски. Во присуство на директорката на КИЦ, г-ѓа Доста Димовска, Илче Стојановски ја отвори изложбата.



На изложбата беа претставени 300 книги, подредени хронолошки и тематски кои опфаќаа најразлични временски периоди од историјата на Македонија, од античко време, преку средниот век, па се до денес.

Отворањето на изложбата беше проследено со видео-презентација на тема: „Ден во Македонија“. Таа предизвика интерес кај посетителите кои со особено внимание ги разгледуваа книгите. Изложбата траеше до 20 јули, а изложените книги останаа во сопственост на КИЦ.



# ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАРИ ОД ДОЛНОШЛОНСКАТА ЈАВНА БИБЛИОТЕКА „ТАДЕУШ МИКУЛСКИ“ ОД ВРОЦЛАВ, ПОЛСКА



Од 14 до 18 мај 2008 г. Во посета на Битола пристигнаа тројца претставници од Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“ од Вроцлав – директорот на Библиотеката, Анджеј Тивс, заменик директорот Јоланта Убовска и раководителот на Одделот за набавка и обработка на библиотечен материјал, Уршула Скониечна.



По завршувањето на работниот дел од претстојот, во попладневните часови гостите посетија повеќе културно-историски знаменитости во Битола: античкиот град Хераклеја Линкестис, Саат Кулата, црквата „Св. Димитрија“, католичката црква, Магазата, Безистенот, Старата Чаршија, галеријата „Јени Џамија“, Музејот, а исто така и Националниот парк „Пелистер“.



Планирана е натамошна интензивна соработка на двете иснтитуции на сите полиња од библиотекарското работење. Во прилог на оваа соработка следува реализацијата на вториот дел од проектот кој предвидува посета на делегација од битолската библиотека во ДЈБ во Вроцлав, наесен оваа година.

# САХАЏА ЈОГА ВО БИТОЛА





Од почетокот на октомври до крајот на оваа година претставниците на друштвото „Сахаџа јога" - Скопје (според науката на индиската духовна учителка Матаџи Нирмала Деви) одржуваа предавања во салата за промоции на Библиотеката. Предавањата се одржуваа во сабота, а предавач беше Гојчо Стевковски, претседател на Друштвото. Исто така, од време на време доаѓаше и гостин предавач, Јанчо, координатор на бугарските Сахаџа јога друштва што ги има околу десетина.

Предавањата предизвикаа голем интерес кај битолчани.

Приредил Николче Вељановски



## ДОБИТНИЦИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ПРИЗНАНИЈА

На свечената академија беа доделени и поединечните ... признанија. Поединечни признанија за ... добија:
- Организација на жени - Битола
- Ансамблот за фолклор "Гоце Делчев" - Битола
- ... здравствена установа "..." - Битола
- НУ УБ "Св. Климент Охридски" - Битола
- Хуманитарна организација "..." - ...

## ПРОМОЦИИ НА КНИГИ, ИЗЛОЖБИ, ПОЕТСКИ БРАНУВАЊА



*Присутни на бранувањата*

## "БИТОЛА НЕКОГАШ И СЕГА"



Околу 200 наслови на разни монографии, публикации, романи, научна литература и документи се поместени на изложбата за книги посветена на Битола, ... е отворена во фоајето на Битолската библиотека.

... творци е мотив и инспирација за авторите кои дале свој придонес за Битола, за нејзината афирмација и милениумска култура.

Изложбата "Битола некогаш и денес" е во рамките на прославата на 4-ти Ноември, ...

## НАТПРЕВАР НА МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ

Најдобрите ученици од сите училишта од Битола и околината на 7 ноември во Родовидното одделение на НУУБ "Св. Климент Охридски" се натпреваруваа на натпреварот конкурс "Млади библиотекари".

-Најдобрите тројца ќе настапат на републичкиот натпревар што ќе се одржи на 21 ноември во Кочани, каде ќе присуствуваме по деветти пат - изјави Зоранка Бошевска, виш библиотекар.

Инаку, битолските претставници на републичките натпревари традиционално високо се пласираат, така, во 2006 нашиот претставник беше првопласиран во Македонија, а лани битолски ученик освои второ место.





*...цата за промоции при Битолската библиотека*

## "ЧЕСТ" ОД КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ



*Кире Неделковски*

Најновото поетско творештво на битолскиот автор Кире Неделковски е стихозбирката "Чест", која деновиве излезе од печат во издание на "Дијалог" од Скопје.

Збирката содржи пет циклуси песни посветени на поимите чест и чесност, кои во случајот се рамноозначни на патриотизам и македонизам. Во годината која во нашата држава е прогласена за година на македонскиот јазик, за Кире Неделковски е "чест да се пишува на македонски", па оттаму и првиот циклус под тој наслов, по кој следат и преостанатите циклуси со предзнакот "Чест..".

Пишувани во еден ... со префинет манир и поетичност, во песните од збирката "Чест" провејува ... носталгија, ... свечена вознесеност, ... патриотизам и тогаш ... Неделковски тее на свој Македонија, но и тогаш ... наоѓа низ светот, во Египет, на Гора, а секак ... земја.

Оваа збирка на Кире Неделковски е рафинирана ... производ на еден ... своите возвишени чувства ... да ги изрази со домашни ... на македонски, да ...

## ЗБОРНИК НА ПОЛИТИЧКИ ЗАТВОРЕНИЦИ

Првиот том од Зборникот на политички затвореници од 1945 до 1990 година во Битола беше промовиран на 29 октомври, во салата за промоции во НУ УБ "Св. Климент Охридски" во Битола.

-Според одредени податоци добиени од Архивот на Македонија во периодот од 1945 до 1990 година во Македонија биле осудени вкупно 22.350 лица на казна затвор во траење од 1 месец до 20 години - рече Андон Андонов, претседател на Здружението.

Во овој прв том беа осудувани сите кои беа за самобитност на македонскиот народ и за сопствена држава, а во книгата се опфатени само 275 политички затвореници.

Оттаму и името на Никола Андонов, еден од 40-тината преживеани политички затвореници, ... во првиот том на Зборникот, бидејќи во подготовка е и втор том на лица политички осудувани за Македонија.

Д.Р.

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА
БИБЛИОТЕКА
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА**

**РАСПОЛАГА СО:**

• Богат фонд на книги, часописи, списанија и весници од домашни и странски автори
• Стручни и научни изданија
• Енциклопедии
• Белетристика
• Лектирни изданија
• Критички осврти

**УСЛУГИ:**

• Резервирање и продолжување на библиотечниот материјал по телефон или електронска пошта
• Меѓубиблиотечно зајмување
• индивидуална и колективна читална
• Сала за промоции
• Користење на EBSCO база на податоци
• Пристап до библиотечната база на податоци преку WEB - страната на библиотеката

**ISSN 1409-9497**